# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД


ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk


# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК


| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **14.12.2023 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 13 – 2023 год.** |

ДЕКЕМВРИ 2023

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 30 - та седница одржана на ден 11.12.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства за кофинансирање на проектот Реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој на ГП 8.1 од ДУП-Блок-3 на КП 2879 за КО Македонски Брод во Македонски Брод

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува кофинансирање на Општина Македонски Брод во проектот Реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој на ГП 8.1 од ДУП-Блок-3 на КП 2879 за КО Македонски Брод во Македонски Брод во висина од 20% од вкупната проектна фининансиска вредност 13.514.500,00, кое ќе изнесува 2.702.900,00 денари на име на непредвидени и дополнителни работи.

Член 2

Кофинансирањето во овој проект ќе биде за заокружување на финансиската конструкција за Реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој на ГП 8.1 од ДУП-Блок-3 на КП 2879 за КО Македонски Брод во Македонски Брод финансиран со обезбедени средства преку проект на Министерството за труд и социјална политика во износ од 13.514.500,00 денари.

Член 3

Средствата потребни за финансиско учество ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Македонски Брод.

Член 4

Се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да потпише изјава за кофинансирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 908/4<br>11.12.2023 година<br>Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод<br>Претседател,<br>Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а согласно со член 183 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ” бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 273/22 и 65/23) и член 21 точка 28 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод, на 30-тата седница одржана на ден 11.12.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за предлагање на претставник на Општина Македонски Брод во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод**

**Член 1**

За претставник на Општина Македонски Брод во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод, се предлага:

- Томислав Стојкоски, дипл.правник, вработен во Општина Македонски Брод.

**Член 2**

Решението да се достави до именованиот, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод, Министерство за труд и социјална политика и архивата на Општина Македонски Брод.

**Член 3**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

**Број 18-908/5** — **Совет на Општина Македонски Брод**
**11.12.2023 год** — **Претседател,**
**Мак.Брод** — **Ивица Аврамоски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), по предлог на советниците, Советот на Општина Македонски Брод на 30 - та седница одржана на ден 11.12.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства за покривање на трошоци за потрошено гориво за село Сланско

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 11.12.2023 година со оваа Одлука го овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод за одобрување на финансиски средства за покривање на трошоци за потрошено гориво од страна на жителите на село Сланско за санација на дефект на водоводната мрежа во село Сланско во износ од 6000 денари.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 908/6
11.12.2023 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), по предлог на советниците, Советот на Општина Македонски Брод на 30 - та седница одржана на ден 11.12.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за овластување на Градоначалникот на Општина Македонски Брод за обезбедување на превоз од – до Македонски Брод - Скопје и ланч пакет за учесниците во емисијата Везилка

1. Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 11.12.2023 година со оваа Одлука го овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод за обезбедување на

   - режиски трошоци за превоз од – до Македонски Брод - Скопје и

   - обезбедување на ланч пакет за 30 учесниците во емисијата Везилка

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 908/7
11.12.2023 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), по предлог на советниците, Советот на Општина Македонски Брод на 30 - та седница одржана на ден 11.12.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства за набавка на ризла за санација на локален пат за село Тополница

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 11.12.2023 година со оваа Одлука го овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод за одобрување на финансиски средства за набавка на ризла 10 $м^3$ за санација на локален пат во село Тополница.

-Исплата на финансиските средства ќе се изврши по достава на фактура.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 908/8
11.12.2023 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр. 2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 5/19 и 13/22), расправајќи по Иницијатива од ЕКОЦЕНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ с.Крапа, Македонски Брод за изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место за индустриска зона Барбарос, дел од Блок 1, КО Барабарос, Општина Македонски Брод со арх.бр.09 - 907/1 од 07.12.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 30 - та седница одржана на ден 11.12.2023 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за одлагање на расправа по Иницијатива

1. Советот на Општина Македонски Брод ја одлага расправата по Иницијативата од причина што во моментот на одржување на седницата не располага со целосна документација потребна за постапување по Иницијатива од ЕКОЦЕНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Македонски Брод за изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место за индустриска зона Барбарос, дел од Блок 1, КО Барабарос, Општина Македонски Брод со арх.бр.09-907/1 од 07.12.2023 година за пренамена на градежното земјиште на КП бр.49 за КО Барбарос.

2. Советот на Општина Македонски Брод останува отворен за соработка да се обезбеди позитивно одлучување по барањето и од таа причина за наредна седница да биде повикан подносителот на Барањето заради комплетирање на истото.

3 . Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 908/9
11.12.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуки, решенија и заклучоци донесени на 30 - та седница
одржана на ден 11.12.2023 година

Се објавуваат Одлуки, решенија и заклучоци, што Советот на Општина Македонски Брод ги донесе на 30 - та седница, одржана на ден 30.11.2023 години и тоа како следи:

1. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година;

2. Одлука за одобрување на финансиски средства за кофинансирање на проектот Реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен центар за деца со пречки во развој на ГП 8.1 од ДУП-Блок-3 на КП 2879 за КО Македонски Брод во Македонски Брод;

Решение за предлагање на претставник на Општина Македонски Брод во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод;

4. Одлука за одобрување на финансиски средства за покривање на трошоци за потрошено гориво за село Сланско;

5. Одлука за овластување на Градоначалникот на Општина Македонски Брод за обезбедување на превоз од – до Македонски Брод - Скопје и ланч пакет за учесниците во емисијата Везилка;

6. Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на ризла за санација на локален пат за село Тополница и

7. Заклучок за одлагање на расправа по Иницијатива

Бр. 08 - 908/10
14.12.2023 година
Македонски Брод

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески, с.р.

**Службен гласник број 13 од 14.12.2023 година на Совет на Општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Одлука за одобрување на финансиски средства за кофинансирање на проектот Реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој на ГП 8.1 од ДУП-Блок-3 на КП 2879 за КО Македонски Брод во Македонски Брод ........................................................................................................ стр. 2

Решение за предлагање на претставник на Општина Македонски Брод во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод ................ стр. 3

Одлука за одобрување на финансиски средства за покривање на трошоци за потрошено гориво за село Сланско ................................................................................ стр. 4

Одлука за овластување на Градоначалникот на Општина Македонски Брод за обезбедување на превоз од – до Македонски Брод - Скопје и ланч пакет за учесниците во емисијата Везилка ................................................................................................... стр. 5

Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на ризла за санација на локален пат за село Тополница ..................................................................................... стр. 6

Заклучок за одлагање на расправа по Иницијатива ............................................ стр. 7

Заклучок за објавување на Одлуки, решенија и заклучоци донесени на 30 - та седница одржана на ден 11.12.2023 година ....................................................................... стр. 8